20251322905

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВАТНИТЕ АГЕНЦИИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за приватните агенции за вработување,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 24 јуни 2025 година.

Бр. 08-3618/1
24 јуни 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВАТНИТЕ АГЕНЦИИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за приватните агенции за вработување („Службен весник на Република Македонија“ број 113/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 18/20), во член 6 во ставот (1) зборовите: „министерството надлежно за работите од областа на трудот“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд”.

Во ставовите (2), (3) и (4) зборовите: „министерот надлежен за работите од областа на трудот“ се заменуваат со зборовите: „министерот за економија и труд”.

Во ставовите (6), (7) и (8) зборовите: „министерството надлежно за работите од областа на трудот“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд”.

Во ставот (9) зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Член 2

Во член 7 став (1) во воведната реченица зборовите: „Министерството надлежно за работите од областа на трудот“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд”.

Член 3

Во член 8 во ставот (1) зборовите: „Министерството надлежно за работите од областа на трудот“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд”.

Во ставот (2) зборовите: „министерот надлежен за работите од областа на трудот“ се заменуваат со зборовите: „министерот за економија и труд“.

Во ставот (4) зборовите: „Министерството надлежно за работите од областа на трудот“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд“.

Во ставот (5) зборовите: „министерството надлежно за работите од областа на трудот“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд“.

Член 4

Во член 9 во ставовите (5), (6) и (7), член 10 во ставот (2), член 12 во ставовите (1) и (2), членот 13 и член 14 во ставовите (2) и (6) зборовите: „министерството надлежно за работите од областа на трудот“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд“.

Член 5

Во член 15 став (1) во алинеите 2 и 5 зборовите: „министерството надлежно за работите од областа на трудот“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд“.

Во ставот (2) зборовите: „министерството надлежно за работите од областа на трудот“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд“, а зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Член 6

Во член 41 во ставот (9) зборовите: „министерот надлежен за работите од областа на трудот“ се заменуваат со зборовите: „министерот за економија и труд”.

Член 7

Во член 43 став (1) во алинејата 1 зборовите: „министерството надлежно за работите од областа на трудот“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд”.

Член 8

Во член 49 во ставот (1) зборовите: „министерот надлежен за работите од областа на трудот“ се заменуваат со зборовите: „министерот за економија и труд“.

Член 9

Во член 50 во ставот (3) зборовите: „министерот за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „министерот за економија и труд”.

Член 10

Во член 52 зборовите: „министерството надлежно за работите од областа на трудот“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд“.

Член 11

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.